

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................................2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....................................................................................................3

Број на работници во индустријата ....................................................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................................................................................................5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................................................................................................6

Инфлација ....................................................................................................7

Берзански цени .................................................................................................... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....................................................................................................10

Увоз .................................................................................................... 11

Салдо на трговска размена ....................................................................................................12

Валутна структура ....................................................................................................13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....................................................................................................13

Буџетски расходи според економската класификација ....................................................................................................15

Буџетско салдо.. ....................................................................................................16

Расходи по буџетски корисници ....................................................................................................18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....................................................................................................18

Плати ....................................................................................................20

Пензии ....................................................................................................20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....................................................................................................21

Депозитен потенцијал ....................................................................................................22

Кредити на банките .................................................................................................... 23

Каматни стапки на депозитни банки .................................................................................................... 23

Пазар на капитал .................................................................................................... 24

Девизни резерви .................................................................................................... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2021 година

- Индустриското производство во јуни 2021 година забележа раст од 9,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јуни 2021 година регистрираа поумерен годишен раст од 2,7%;
- Во периодот јануари - јуни 2021 година, извозот забележа раст од 39,1%, а увозот раст од 38,7%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 37,7%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2021 година изнесуваа 101.069 милиони денари, односно 14,3% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,6% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2021 година изнесуваа 116.766 милиони денари, односно 16,5% од БДП, што е за 3,0% повеќе во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните кредити на банките во јуни 2021 година се зголемија за 5,1% во споредба со јуни 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јуни 2021 година забележа раст од 9,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во јуни 2021 година се должи на зголеменото производство во секторите Преработувачка индустрија од 10,8%, (придонес од 8,6 п.п.) и Рударство и вадење камен од 9,9% (придонес од 1,1 п.п.), додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 8,0% (придонес од -0,8 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во јуни 2021 година бележи 21 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 77,7% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на електрична опрема од 34,5% и придонес од 1,2 п.п., машини и уреди од 9,8% и придонес од 0,6 п.п., фабрикувани метални производи од 12,9% и придонес од 0,5 п.п., како и моторни возила од 2,7% и придонес од 0,3 п.п.. Од традиционалните гранки, во јуни 2021 година производството на мебел порасна за 85,5% и придонес од 1,4 п.п., производството на облека за 10,4% и придонес од 0,8 п.п., производство на текстил за 15,5% и придонес од 0,7 п.п., производство на тутунски производи за 29,1% и придонес од 0,5 п.п., а прехранбената индустрија забележа минимален раст од 0,9% и придонес од 0,1 п.п.. Од гранките со позначителен придонес, пад бележи производството на фармацевтски производи и препарати од 23,8% и придонес од -0,9 п.п., како и вадењето руди на метал од 1,2% и придонес од -0,1 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Растот на производството според намената на произведените единици во јуни 2021 година главно е последица на зголеменото производство на интермедијарни производи од 25,4% (придонес од 7,9 п.п.), нетрајни производи за широка потрошувачка од 13,7% (придонес од 4,6 п.п.) и трајни производи за широка

потрошувачка од 52,9% (придонес од 1,1 п.п.).

На кумулативна основа, во првата половина од годината индустријата забележа раст од 6,6%, што се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 10,9% и придонес од 8,6 п.п., додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан пад од 9,1% и придонес од -1,0 п.п., а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација пад од 4,9% и придонес од -0,5 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на машини и уреди (раст од 54,1%), поправката и инсталирањето машини и опрема од 2,2 п.п. при раст од 60,5%, како и производството на моторни возила (раст од 11,5%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2021 година)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2021 година)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, растот во периодот јануари – јуни 2021 година главно се должи на растот на производството во гранките: Интермедијарни производи освен енергија од 21,2% (придонес од 6,6 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,5% (придонес од 2,5 п.п.) и Капитални производи од 9,4% (придонес од 2,0 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2021 година е намален за 0,7%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 7,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,6% и Преработувачка индустрија од 0,1%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се поправката и

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

инсталирањето машини и опрема од 28,6%, и производството на фабрикувани метални производи со раст од 13,0%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај енергијата и нетрајните производи, а тоа е најизразено кај нетрајните производи со пад од 5,1%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – јуни 2021 година бележи пад од 2,4%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 7,0%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9% и Преработувачка индустрија од 2,0%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првото полугодие од 2021 година е намален кај енергијата, интермедијарните и нетрајните производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јуни 2021 година е поповолна споредено со мај 2021 година, како и во однос на истиот месец 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јуни изнесува 71,1% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 71,3%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 5,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јуни имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,7%, неизвесното економско окружување со 14,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,6% и недоволната домашна побарувачка со 15,2%.

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јуни 2021 година во однос на мај 2021 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2021 година издадени се вкупно 320 одобренија за градење, што претставува раст од 17,2% споредено со јуни 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 6,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е пониска за 64,6%, а на месечна основа бележи раст од 30,8%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 191 (или 59,7%) се наменети за објекти од високоградба, 43 (или 13,4%) за објекти од нискоградба и 86 (или 26,9%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јуни 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 320 издадени одобренија за градба, на 164 објекти (или 51,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 156 објекти (или 48,7%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во јуни 2021 година, предвидена е изградба на 639 станови со вкупна корисна површина од 61.828 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 3,9%, а на годишно ниво за 23,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Инфлација

Потрошувачките цени во јуни 2021 година регистрираа поумерен годишен раст од 2,7%, при што цените се зголемени во повеќе категории меѓу кои најголем раст регистрираат цените на енергијата, како и зголемување на базичната стапка на инфлација. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 3,0% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите шест месеци од 2021 година изнесува 2,4%. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да остане стабилна и да се движи во рамките на проекциите, меѓутоа сѐ уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, како резултат на пандемијата на ковид-19.

Стапката на инфлација во еврозоната во јуни регистрира раст и изнесува 1,9% на годишно ниво. Растот на цените главно се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 12,5% (13,1% во мај), следен со порастот на цените на неенергетските индустриски добра од 1,2%, услугите од 0,7% и храната, алкохолот и тутунот од 0,6%.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во јуни 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,0% на годишно ниво. Забавувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на намалувањето на цените на Овошјето (-3,5%) и на Зеленчукот (-5,3%) поради сезонското влијание врз цените, додека најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените има растот на цените на Маслото (30,8%).

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Највисок годишен раст на цените во јуни 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 9,3% следен со порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 6,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,0%, Рекреација и култура од 3,2%, Здравствена заштита од 3,0%, Разновидни стоки и услуги од 1,6%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,4%, Облека и обувки од


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

0,9% и Образование од 0,1%. Пад на годишно ниво е регистриран во категоријата Комуникации од 0,5%.

Потрошувачките цени во јуни 2021 година се зголемија за 0,5% на месечно ниво (претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 0,7%). Растот на цените е под влијание на сезонското зголемување на цените на овошјето како и зголемувањето на цените на ресторанite и хотелите. Раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 3,1%, Ресторани и хотели од 1,3%, Разновидни стоки и услуги од 0,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3% и Рекреација и култура и Здравствена заштита од по 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во јуни 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 4,0%, а на месечна основа регистрираа зголемување од 0,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2021 година споредено со претходниот месец се зголеми за 7,4% и изнесува 73,1 долари за барел, со што таа е над нивото од пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, по што следеше генерално нагорен тренд на движење кој се задржа сè до крајот на првиот квартал од 2021 година. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 83%.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст продолжи сè до март 2021 година кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст, и истиот во јуни регистрира раст на месечно ниво од 13,5%.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд што прекина во март 2021 година кога истата забележа месечен пад, по што продолжи нагорниот тренд на цената. Во јуни, цената на никелот на месечна основа регистрираше стапка на раст од 2,3%. Цените на основните метали во јуни регистрираа забавен месечен раст, а

некои и намалување на цената. Така, цената на калајот се зголеми за 0,8%, додека цената на бакарот се намали за 5,2%, оловото регистрираше раст од 0,4%, алуминиумот се зголеми за 0,5% и цинкот се намали за 0,5%. Во јуни 2021 година, цената на железната руда се зголеми за 3,2% (во мај беше регистриран раст од 15,5%) во однос на мај 2021 година.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на истата, сè до крајот на годината. Во 2021 година цената на златото забележува наизменично движење, со месечен раст на почетокот на годината, пад во февруари и март, и повторно раст во април и мај, додека во јуни 2021 цената на златото регистрираше пад од 0,8%. Трендот на месечно намалување на цената на златото го следеа и другите благородни метали, односно цената на среброто се намали за 1,9%, а цената на платината забележа пад од 7,4%. Дел од причините за падот на цените на благородните метали се зајакнувањето на доларот како и промена на интересот на инвеститорите.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во јуни 2021 година на месечна основа се намали за 4,4%, а цената на пченицата се зголеми за 1,5%.

## *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првата половина од 2021 година изнесува 8.050,5 милиони евра и бележи раст од 38,9% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - јуни 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,2 п.п. споредено со истиот период претходната

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

[1] Започнувајќи од јуни 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

година, и изнесува 59,9%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првата половина од 2021 година изнесува 27,0% и е зголемено за 2,6 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јуни 2021 година изнесува 3.409,0 милиони евра и бележи раст од 39,1% (958,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 16,1%.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2021 година изнесува 583,8 милиони евра и бележи раст од 18,7% (91,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 3,4% споредено со јуни 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2021 година извозот бележи раст од 6,7% (36,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 6,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,3 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун, и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,6% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - јуни 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст кај

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација
[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија,

групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите,извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 45,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 23,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,6% и 10,4%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јуни 2021 година изнесува 4.641,5 милиони евра и бележи раст од 38,7% (1.295,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 11,3%.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во јуни 2021 година изнесува 805,5 милиони евра, што претставува раст од 34,8% (207,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 27,6%.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2021 година увозот бележи раст од 6,9% (51,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско

Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 3,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (3,3 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2020 | I-VI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 29,9 | 42,9 | 13,1 | 43,8 |
| Мил. ЕУР | 429,0 | 812,8 | 383,8 | 89,5 |
| Мил.$ | 475,0 | 980,0 | 504,9 | 106,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2020 | I-VI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,7 | 18,0 | 3,3 | 22,4 |
| Мил. ЕУР | 83,8 | 113,6 | 29,7 | 35,4 |
| Мил.$ | 92,6 | 136,8 | 44,2 | 47,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2020 | I-VI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 347,0 | 354,8 | 7,8 | 2,3 |
| Мил. ЕУР | 264,2 | 332,3 | 68,1 | 25,8 |
| Мил.$ | 291,1 | 400,5 | 109,3 | 37,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2020 | I-VI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 375,9 | 354,2 | -21,7 | -5,8 |
| Мил. ЕУР | 174,8 | 229,0 | 54,3 | 31,1 |
| Мил.$ | 192,6 | 275,8 | 83,2 | 43,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2020 | I-VI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 25,4 | 42,6 | 17,2 | 68,0 |
| Мил. ЕУР | 342,6 | 507,1 | 164,5 | 48,0 |
| Мил.$ | 378,8 | 611,0 | 232,2 | 61,3 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2020 | I-VI-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 26,6 | 36,5 | 10,0 | 37,4 |
| Мил. ЕУР | 284,6 | 412,6 | 127,9 | 44,9 |
| Мил.$ | 314,2 | 496,9 | 182,7 | 58,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јуни 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 37,7% односно 337,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.

Во јуни 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 109,7% односно 116,0 милиони евра споредено со јуни 2020 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, горива и мазива, и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - јуни 2021 година, 90,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Србија, Турција, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Шпанија и Унгарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,5% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 4,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,1% и 89,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,7 п.п., додека кај увозот е зголемена за 4,9 п.п. во однос на периодот јануари - јуни 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2020 | | | | | I - VI- 2021 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.111,7 | 2.832.010.843 | 61,6530 | 174.601.964.513 | 84,7 | 2.486,1 | 4.156.245.619 | 61,6355 | 256.172.276.861 | 89,5 | 1.324.234.776 | 46,8 |
| УСД | 1.108,1 | 530.222.712 | 55,9869 | 29.685.525.937 | 14,4 | 1.095,7 | 537.248.527 | 51,1427 | 27.476.340.240 | 9,6 | 7.025.815 | 1,3 |
| ГБП | 1,5 | 8.526.486 | 70,6090 | 602.046.621 | 0,3 | 0,9 | 8.645.786 | 70,9980 | 613.833.486 | 0,2 | 119.300 | 1,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.221,3 | | | 204.889.537.070 | 99,0 | 3.582,6 | | | 284.262.450.588 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.227,8 | | | 206.253.707.266 | 100,0 | 3.592,3 | | | 286.095.297.808 | 100,0 | | 38,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2021 година изнесуваа 101.069 милиони денари, односно 14,3% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,6% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е петти последователен месец во којшто е забележан годишен раст на приходите, кој во јуни изнесува високи 24,5%, откако претходно во април и мај забележа годишен раст од околу 30%. Растот е резултат и на пониските приходи во целиот втор квартал претходната година, кога се почуствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 57.172 милиона денари и се повисоки за 20,8% во однос на јануари – јуни 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

Приходите од Данокот на додадена вредност стандардно имаат доминантно учество од 46,5% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 26.600 милиони денари, што претставува зголемување од високи 32,3% во однос на кризниот период јануари - јуни 2020 година. Особено е изразен растот на овие приходи во вториот квартал, кога годишниот раст изнесуваше високи 61,8%.

Притоа, ДДВ во првата половина од годинава е наплатен во бруто-износ од 40.207 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 13.607 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 20,8%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 3,1% споредено со јануари – јуни 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 26,3%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 9,1%.

Акцизите се остварени во износ од 10.965 милиони денари (учество од 19,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 12,0% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 37.565 милиони денари, што претставува 65,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - јуни 2021 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 9.273 милиони денари и бележат раст од 9,7% на годишна основа, при што 67,2% од приходите се од плата и други лични примања, 7,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,5% од приходи од капитал, 7,3% од приходи по основ на договор на дело и 10,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 6.079 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 5,9% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени за 70,4%, додека данокот по месечни аконтации се намали за 10,6%.

Приходите од царина се остварени во износ од 3.952 милиона денари и забележаа зголемување од 32,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 303 милиони денари забележаа зголемено остварување за 28,9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 33.727 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,2%, а кај придонесите за вработување за 5,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 6.619 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 15,9%



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

(во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 432 милиона денари, што е намалување од 16,1% во однос на периодот јануари – јуни минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 2.470 милиони денари и се повисоки за 49,6% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2021 година изнесуваа 116.766 милиони денари, односно 16,5% од БДП, што е за 3,0% повеќе во однос на истиот лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 110.204 милиони денари учествуваа со 94,4% и се зголемени за 1,2% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 15.213 милиони денари што претставува зголемување за 2,9% во однос на периодот јануари – јуни претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,0%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 8.380 милиони денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 14,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки како и секогаш имаа трансферите коишто изнесуваа 82.410 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа пониска реализација за 2,1% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 70,6% во вкупните расходи.

Падот на трансферите е резултат на намалувањето од 16,0% на расходите кај категоријата други трансфери, придвижено пред сè од субвенциите и трансферите, кои изнесуваат 11.169 милиони денари и се намалени за 27,3%. Падот на расходите е висок поради базниот ефект, откако во јуни 2020 година е забележан исклучително висок износ на расходи за субвенции и трансфери, поврзан со мерките за справување со кризата. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.546 милиони денари забележаа зголемување од 0,9% во споредба со периодот јануари - јуни претходната година. Средствата за

социјални трансфери изнесуваа 59.420 милиони денари и забележаа зголемување од 4,1%, додека нивното учество во вкупните расходи изнесува 50,9%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 35.643 милиони денари, што е зголемување за 3,9% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 30,5% во вкупните расходи.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 6.562 милиона денари, со структурно учество од 5,6% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 48,2%) во споредба со периодот јануари - јуни 2020 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на расходите и одливите од Буџетот на РСМ за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува околу 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во првата половина на 2021 година реализираше 26.453 милиони денари или 7,9% повеќе во споредба со претходната година. Реализацијата на расходите изнесува 49,5% од вкупниот буџет за 2021 година. Притоа, најголем дел (68,2%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 18.044 милиони денари или 49,6% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 22,4% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 49,8% (5.915 милиони денари) од планираните за 2021 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - јуни 2021 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – јуни 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 15.950 милиони денари, односно 25,7% од предвидените за 2021 година. Пониската реализација е предизвикана од главната ставка на овој буџетски корисник, Отплата на главнина, чија реализација е 15,2% од износот за цела година, но е

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

предвидено да се зголеми во второто полугодие кога доспева отплатата на еврообврзницата издадена во 2014 година. За оваа ставка се реализирани 6.543 милиони денари, а истата во вкупните расходи учествува со 41,0%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 26,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 4.197 милиони денари, или 51,6% од вкупниот буџет за оваа намена. Трета најзначајна ставка со учество од 21,2% е капитални расходи, за што се потрошени 3.378 милиони денари.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – јуни 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 11.428 милиони денари (42,0% од планираното), што е за 4,9% помалку во споредба со претходната година. Најголем дел од расходите (71,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.125 милиони денари или 50,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 14,5%, за што се потрошени 1.653 милиони денари, односно 38,2% од вкупно предвидените.

Во првата половина од 2021 година, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 5.495 милиони денари, што претставува 45,9% од буџетот за 2021 година и е за 6,3% повеќе во однос на претходната година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 72,3%, за што се потрошени 3.975 милиони денари или 49,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,7%, за што се реализирани 1.030 милиони денари, што претставува 42,0% од годишниот план.

Во периодот јануари – јуни 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.538 милиони денари (85,3% од вкупните планирани средства за 2021 година). Главна ставка кај овој буџетски корисник, со учество од 83,8% во вкупните расходи, е субвенции и трансфери, за што се реализирани 3.804 милиони денари, односно 89,0% од планираното.

Министерството за одбрана во првата половина од 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 3.708 милиони денари, што е 33,4% од вкупниот буџет за оваа година и се за 9,7% повисоки споредено со претходната година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 55,9%, за што во периодот јануари – јуни 2021 година се реализирани 2.072 милиона денари (48,8% од вкупно предвидените средства). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 27,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.024 милиони денари, односно 38,3% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите шест месеци од 2021 година реализираше средства од 3.673 милиони денари, што е 52,5% од планираното за годината и истите се речиси двојно пониски споредено со претходната година, што е последица на исклучително високиот износ на субвенции и трансфери во истиот период од 2020 година, поврзани со мерките за справување со здравствено-економската криза. Убедливо најголема ставка со учество од 86,1% е субвенции и

трансфери, за која во првата половина од 2021 година се потрошени 3.163 милиони денари, односно 56,5% од планираното за 2021 година.

Министерството за здравство во првата половина од годината реализираше буџетски средства во износ од 3.500 милиони денари (зголемување од 15,1% во споредба со истиот период претходната година), што е 48,6% од вкупниот буџет за 2021 година. Расходите за стоки и услуги имаат најголемо учество во вкупните расходи со 61,0%, за што во периодот јануари – јуни 2021 година се потрошени 2.135 милиони денари или 59,7% од средствата наменети за 2021 година. Тековни трансфери до буџетските фондови е втора најзначајна ставка со учество од 31,9% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.117 милиони денари, односно 40,6% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – јуни 2021 година реализираше средства во износ од 1.047 милиони денари, што претставува 19,7% од вкупниот буџет за 2021 година, и истите се за 22,2% пониски споредено со претходната година. Ставка со највисоко учество во вкупните расходи на овој буџетски корисник е капитални расходи, чија реализација во првата половина од 2021 година изнесува 691 милион денари (66,0% од вкупните расходи), што е 15,8% од годишниот буџет за оваа намена. За субвенции и трансфери се потрошени 257 милиони денари, што е 45,5% од планираното за цела година, а во вкупните расходи учествуваат со 24,5%.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 15.697 милиони денари, што претставува 2,22% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 15.802 милиона денари и претставува 2,24% од БДП. Буџетскиот дефицит во првата половина од годината изнесува 34,0% од вкупно планираниот буџетски дефицит за цела 2021 година.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јуни 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 95.017 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени лица е зголемен за 14,8% во однос на јуни 2020 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени 43,3% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јуни 2021 година, 21,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јуни 2021 година изнесува 197.342, од кои 140.674 се активни баратели на работа, а 56.668 се останати невработени лица. Споредено со истиот месец од 2020 година, вкупниот број невработени лица бележи пад од 8,6%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 2.776 лица. Во таа насока, со месечното намалување на бројот на невработени во месеците април, мај и јуни, трендот на зголемување на бројот на невработени што се забележуваше во текот на цела 2020 година и првите два месеца од 2021 година е конечно запрен. Претходно, во март 2021 година е извршено прочистување на списоците.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (62,2%) се градско население, а според половата структура 49,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 65,3%, се со непотполно средно образование или помалку, 25,4% се со завршено средно образование, додека 9,2% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, најголемиот дел на невработени лица или 51,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,0% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2021 година оствари годишен раст од 8,8%, а во однос на април 2021 година истата е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на мај 2020 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (29,0,%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (28,7%) и Други услужни дејности (14,4%). Реалните плати во мај 2021 година забележаа годишен раст од 5,7%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2021 година оствари годишен раст од 8,9%, а споредено со претходниот месец истата е повисока за 1,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во мај 2021 година во однос на истиот месец претходната година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (29,8,%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (28,7%) и Други услужни дејности (14,7%). Реалната бруто-плата забележа раст од 5,8% на годишна основа.

## Пензии

Во јуни 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.997 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,5% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,4% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

Просечната пензија во јуни 2021 година изнесува 15.684 денари и е

за 2,3% повисока во однос на јуни 2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,4%.

Просечната старосна пензија во јуни 2021 година изнесува 16.951 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 14.179 денари, а просечната семејна пензија 12.600 денари. За исплата на пензиите во јуни 2021 година се потрошени 5.064 милиони денари, што претставува 49,4% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јуни 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 1,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п.. Одлуката за понатамошно монетарно олабавување се носи во услови на стабилни движења на девизниот пазар и умерена динамика на инфлацијата, иако сè уште постои неизвесност од пандемијата и влијанието врз заздравувањето на економијата. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25%, се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (јуни 2021 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во јуни 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 5,5% споредено со јуни 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 5,9% и зголемување на готовите пари во оптек за 5,0%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 2,4%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките за 4,1% и намалувањето на готовите пари во оптек за 0,4%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јуни 2021 година се зголемија за 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 3,7%, а депозитите на домаќинствата за 0,3%.

Од аспект на валутата, во јуни 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута регистрираа раст од 0,8%, а депозитите во странска валута од 1,4%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2021 година оствари раст од 6,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 4,8% и 9,8%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 20,4% и 4,2%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,8%, а долгорочните депозити се намалија за 5,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2021 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 447.237 | *1,0%* | *6,8%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *264.758* | *0,8%* | *4,8%* |
| *Странска валута* | *182.479* | *1,4%* | *9,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *186.252* | *0,5%* | *5,8%* |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Долгорочни* | *101.824* | *0,6%* | *-5,1%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **370.862** | ***1,0%*** | ***5,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *217.868* | *0,6%* | *5,3%* |
| *Странска валута* | *152.994* | *1,5%* | *5,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.756* | *2,1%* | *2,3%,* |
| *Долгорочни* | *294.241* | *0,9%* | *7,4%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.764* | *-0,7%* | *-20,7%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јуни 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,0% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,6%, како и кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 1,3%. Од аспект на валутата, во јуни 2021 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,6% и 1,5%, соодветно.

На годишна основа, во јуни 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,1%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,7% и раст на кредитите кон претпријатијата од 1,2%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,3%, а кредитите во странска валута за 5,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,4%, а краткорочните кредити од 2,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,54%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,89%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,11%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни 2021 година изнесува 0,84% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити остана непроменета на месечно ниво и

изнесува 1,21%, а каматната стапка на девизните депозити регистрираше пад од 0,01 п.п. и изнесува 0,49%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јуни 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 227,7% на месечно ниво како резултат на зголемениот раст на прометот од блок трансакциите за 1.144,8%, како и зголемувањето на прометот од класичното тргување за 37,5%.

Вкупниот промет на берзата во јуни 2021 година изнесуваше 1.549,5 милиони денари и истиот е зголемен за 247,6% на годишно ниво.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јуни 2021 година изнесуваше 5.281,14 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 0,1%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 28,3%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2021 година изнесуваа 4.031,07 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 0,3%, а во однос на јуни 2020 година регистрираа раст од 10,8%.